Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor

ИП1 15-264
Дата:14.04.2023 година
Скопје,

Државниот Инспекторат за животна средина преку инспекторот Хусни Тачи, со службена легитимација број 06-0020, изврши Контролен инспекциски надзор во ДТПТУ ГОЛЕЦ КОМПАНИ ДООЕЛ со седиште во с. Желино, општина Желино, застапувано од Нусрет Љатифи – управител и со Записник бр. ИП1 15-264 од 12.04.2023 година, ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 200 и 206 од Закон за животна средина, ( Сл.весник на Р.С.М. бр. 53/2005.....99/2018 и 89/2022), член 33 став 1 и 2 од Закон за инспекциски надзор во животната средина, ( Сл.весник на Р.С.М. бр. 99/2022) и член 83 од Законот за инспекциски надзор ( Сл весник на РСМ бр 50/11...102/2019) донесе:

**Република Северна Македонија**
**Државен Инспекторат за животна средина**

ул. Павел Шатев бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: a.petrovska@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor**

Rr. Pavel Shatev, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta–E a.petrovska@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk

## Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ЗАДОЛЖУВА со определување на дополнителен рок ДТПТУ ГОЛЕЦ КОМПАНИ ДООЕЛ со седиште во с. Желино, општина Желино, застапувано од Нусрет Љатифи – управител по приемот на оваа решение да ги отстрани недостатоците утврдени со записникот бр. 15-264 од 12.04.2023 година и тоа:

1. Да изврши реконструкција и доградба на таложници за вршење на третман – прочистување на отпадната технолошка вода од суспендирани материи;
   Рок:120 (сто и дваеесет) дена;
2. Субјектот на инспекцискиот надзор од точка 1 на оваа решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциска мерка, а најдоцна во рок од три дена писмено и/или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот Инспекторат за животна средина на ден 12.04. 2023 година изврши Контролен инспекциски надзор во врска со постапувањето по издаденото Решение бр. ИП 1 15-264 од 11.11.2022 година врз бетонската база ДТПТУ ГОЛЕЦ КОМПАНИ ДООЕЛ со седиште во с. Желино, општина Желино, при што се изготви Записник за констатација со бр. ИП1 15-264. Од увидот се констатираше дека, правното лице преку управителот Нусрет Латифи не ги превзел мерките од точка еден од решението. Претставникот на правното лице не ги превзел мерките за отстранување на неправилностите односно нема извршено реконструкција и доградба на таложникот. Како причини за коешто не

ја извршил мерката ги наведе лошите временски услови односно зимскиот период во кој требал да ги превземе мерките. Во Полошкиот регион во зимскиот период преовладуваат ниски температури во кои механизацијата за реконструкција и изградба на таложникот а исто така и работниците кои треба да ги вршат градежните активности поради ниските температури не се во можност да ги вршат градежните активности.

Од погоре наведеното се донесе: Решение како во диспозитивот.

Доколку во определениот рок не постапи по оваа решение,Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка , согласно член 200 став 4 од Законот за животна средина (Сл.весник на Р.М. бр:53/2005,81/2005,24/2007,159/2008,83/2009,48/2010,51/2011,123/12,..129/15,39/16и99/18).

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Против ова решение согласно член 84 од Зконот за инспекциски надзор може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекциски надзор и прекршочна постапка во рок од 15 дена од приемот на решението.

Жалбата се таксира со 250,00(двестаипедесет)денари административни таксени марки.

Решено во Државен инспекторат за животна средина -канцеларија во Скопје под бр. ИП1 15-264 на ден 14.04.2023 година.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Хусни Тачи, Главен инспектор

Доставено до:
-Архива,
- ДТПТУ ГОЛЕЦ КОМПАНИ ДООЕЛ с. Желино, Општина Желино,

Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина

ул. Павел Шатев бр.2,
Пети спрат,
Палата Емануел Чучков
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел
Е-пошта: a.petrovska@sei.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

Inspektorati Shtetëror i Mjedisit Jetësor

Rr. Pavel Shatev, nr.2
Kati i pestë
Palati Emanuel Çuçkov
1000 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Tel.
Posta-E a.petrovska@ sei.gov.mk
Web. www.sei.gov.mk